# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
# НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2008 ГОДИНА

Врховниот суд на Република Македонија, на проширената Општа седница одржана на 26.4. и 27.4.2009 година, согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06), ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија во 2008 година, и на Општа седница одржана на 26.05.2009 година, ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### 1.Организација и функционирање

Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд, во остварување на својата надлежност согласно Законот за судовите, на проширената Општа седница ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија. Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката.

Оценката како функционираат судовите во Република Македонија треба да одговори на прашањата: дали судови се ефикасни и квалитетни во обезбедувањето на заштитата на основните човекови права и слободи, како и правната сигурност на граѓаните во Република Македонија.

Судовите како носители на судската власт согласно Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, се задолжени во решавањето на предметите непристрасно да го применуваат правото без оглед на положбата и својството на странките и да обезбедат правна сигурност и создавање услови секој човек да живее безбедно во рамките на примената на правото. Судството во однос на функционирањето на законодавната и извршната власт треба да добие приоритет во неговиот развој и изградба, бидејќи обезбедува заштита на основните човекови права и слободи кои не само што се универзални и уживаат меѓународна заштита, туку од нив во суштина зависи стабилноста, мирот и правдата во секоја современа демократска држава.

Од посебно значење е соработката на Република Македонија со Европската Унија на полето на правдата, која соработка треба да се насочи кон поквалитетна примена на новите закони, создавање современо право компактибилно со правото на европските земји и успешна примена на меѓународните норми и стандарди.

Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, констатира дека во обезбедувањето на независноста и самостојноста, висок професионализам, авторитет и ефикасност на судството во Република Македонија, потребно е:

- Постојано создавање услови за подобрување на ажурноста во работењето на судовите, особено со новата информатичка технологија на водење на предметите;
- Одржување на судската независност и непристрасност како фундаментална максима пред се од самите судии, но и од медиумите, незаборавајќи дека судската непристрасност не е дадена еднаш засекогаш, нејзиното постоење мора секојдневно да се потврдува, во секоја судска одлука;
- Постојано усовршување на професионализмот и стручноста на судиите преку интензивна едукација и оспособување;
- Враќање и одржување на довербата на граѓаните кон судството и судиите преку почитување на самостојноста на судијата, но и неговата одговорност за стручно и совесно вршење на судиската функција. Негувањето на судскиот морал, етика и високиот професионализам кои се сигурна основа за подигање на јавната доверба во судството;
- Подобрување на угледот на судството, враќање на авторитетот и дигнитетот на судиската функција.

**2.Состојба со предметите во 2008 година**

Податоците во рефератите по извештаите, покажуваат дека судовите во Република Македонија во 2008 година вложиле голем напор и станува збор за голем број на донесени одлуки.

Во 2008 година според прегледот од Извештаите, состојбата со предметите (остаток од претходна година, новопримени и решени), по судови е следна:

| р.бр | суд | нерешени | новопримени | вкупно во работа | решени | нерешени | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(5-6) | 8(6-4) |
| 1 | Апелационен суд Скопје | 2.220 | 17.192 | 19.412 | 16.668 | 2.744 | -524 |
| 2 | Апелационен суд Битола | 997 | 9.281 | 10.278 | 8.867 | 1.411 | -414 |
| 3 | Апелационен суд Штип | 483 | 6.440 | 6.923 | 6.374 | 549 | -66 |
| 4 | Апелационен суд Гостивар | 0 | 5.288 | 5.288 | 3.712 | 1.576 | -1.576 |
| | **Вкупно предмети апелациони судови** | **3.700** | **38.201** | **41.901** | **35.621** | **6.280** | **-2.580** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Основен суд Велес | 33.054 | 23.092 | 56.146 | 27.147 | 28.999 | 4.055 |
| 2 | Основен суд Гевгелија | 22.274 | 9.841 | 32.115 | 27.241 | 4.874 | 17.400 |
| 3 | Основен суд Гостивар | 45.048 | 33.359 | 78.407 | 42.354 | 36.053 | 8.995 |
| 4 | Основен суд Дебар | 3.908 | 5.554 | 9.462 | 6.989 | 2.473 | 1.435 |
| 5 | Основен суд Кавадарци | 12.061 | 11.621 | 23.682 | 17.294 | 6.388 | 5.673 |
| 6 | Основен суд Кратово | 987 | 2.493 | 3.480 | 2.508 | 972 | 15 |
| 7 | Основен суд Крива Паланка | 939 | 4.674 | 5.613 | 4.727 | 886 | 53 |
| 8 | Основен суд Куманово | 60.545 | 22.465 | 83.010 | 38.913 | 44.097 | 16.448 |
| 9 | Основен суд Неготино | 15.168 | 5.466 | 20.634 | 7.999 | 12.635 | 2.533 |
| 10 | Основен суд Скопје I | 96.253 | 99.873 | 196.126 | 134.009 | 62.117 | 34.136 |
| 11 | Основен суд Скопје II | 495.037 | 116.718 | 611.755 | 92.730 | 519.025 | -23.988 |
| 12 | Основен суд Тетово | 62.090 | 38.018 | 100.108 | 45.880 | 54.228 | 7.862 |
| 13 | Основен суд Битола | 54.704 | 28.236 | 82.940 | 50.161 | 32.779 | 21.925 |
| 14 | Основен суд Кичево | 3.947 | 13.342 | 17.289 | 15.267 | 2.022 | 1.925 |
| 15 | Основен суд Крушево | 3.808 | 1.781 | 5.589 | 2.556 | 3.033 | 775 |
| 16 | Основен суд Охрид | 35.930 | 30.631 | 66.561 | 44.181 | 22.380 | 13.550 |
| 17 | Основен суд Прилеп | 59.554 | 40.660 | 100.214 | 53.371 | 46.843 | 12.711 |
| 18 | Основен суд Ресен | 2.257 | 3.581 | 5.838 | 4.176 | 1.662 | 595 |
| 19 | Основен суд Струга | 11.900 | 14.820 | 26.720 | 17.823 | 8.897 | 3.003 |
| 20 | Основен суд Берово | 2.338 | 4.438 | 6.776 | 5.812 | 964 | 1.374 |
| 21 | Основен суд Виница | 1.520 | 2.193 | 3.713 | 3.083 | 630 | 890 |
| 22 | Основен суд Делчево | 1.421 | 4.288 | 5.709 | 4.657 | 1.052 | 369 |
| 23 | Основен суд Кочани | 17.138 | 11.696 | 28.834 | 17.474 | 11.360 | 5.778 |
| 24 | Основен суд Радовиш | 10.697 | 9.697 | 20.394 | 16.824 | 3.570 | 7.127 |
| 25 | Основен суд Свети Николе | 2.817 | 4.391 | 7.208 | 5.925 | 1.283 | 1.534 |
| 26 | Основен суд Струмица | 14.497 | 20.994 | 35.491 | 25.402 | 10.089 | 4.408 |
| 27 | Основен суд Штип | 12.544 | 18.046 | 30.590 | 21.949 | 8.641 | 3.903 |
| | **Вкупно предмети основни с** | **1.082.436** | **581.968** | **1.664.404** | **736.452** | **927.952** | **154.484** |

| р.бр | суд | нерешени | новопримени | вкупно во работа | решени | нерешени | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(5-6) | 8 (4-6) |
| | **Врховен суд на РМ** | **1.612** | **2.544** | 4.156 | **2.821** | 1.335 | 277 |
| | **Управен суд** | **5.804** | **8.497** | 14.301 | **5.147** | 9.154 | -3.350 |
| | **Вкупно предмети апелацис** | **3.700** | **38.201** | **41.901** | **35.621** | **6.280** | **-2.580** |
| | **Вкупно предмети основни** | **1.082.436** | **581.968** | **1.664.404** | **736.452** | **927.952** | **154.484** |
| | **Вкупно предмети во сите судови** | **1.093.552** | **631.210** | **1.724.762** | **780.041** | **944.721** | **148.831** |

Споредбено со претходната година, произлегува дека судовите 2008 година ја почнале со поголем заостаток на предмети, 2007 ја почнале со заостаток од **1.010.323** предмети, а 2008 година со **1.093.552** предмети (за **83.229** предмети повеќе или 8**,2%**).

Во 2008 година споредено со 2007 година, примени се помалку предмети. Во 2007 година примени се нови **956.686** предмети, а во 2008 година **631.210** нови предмети (што е за **325.476** предмети помалку од 2007 или 34**%**).

Оттука, вкупно во работа во 2008 година судовите имале **1.724.762** предмети, во 2007 година **1.967.009** предмети (што е за **242.247** предмети помалку или **12,3%**).

Судовите во 2008 година решиле вкупно **780.041** предмети, а во 2007 година **794.140** предмети (што е за **14.099** предмети помалку или 1**,8%**).

Во 2008 година споредено со 2007 останале нерешени помалку предмети. Во 2007 останале нерешени **1.172.869** предмети, а на крајот на 2008 останале нерешени **944.721** предмети (што е за **228.148** предмети помалку или **19,5%**).

Основните судови 2008 година ја започнале со нерешени **1.082.436** предмети, примиле нови **581.968** предмети, или во 2008 година имале вкупно во работа **1.664.404** предмети. Од овие решени се **736.452**, со што останале нерешени **927.952** предмети. Со тоа основните судови го намалиле заостатокот за **154.484** предмети.

Апелационите судови 2008 година ја започнале со нерешени **3.700** предмети, примиле нови **38.201**, со што вкупно во работа имале **41.901** предмети. Во 2008 година Апелационите судови решиле **35.621** предмети, со што нерешени останале **6.280** предмети или повеќе за **2.580** предмети или **69,7%** од претходната година.

Управниот суд ја почнал 2008 година со **5.804** нерешени предмети, примил нови **8.497** предмети, со што вкупно во работа имал **14.301** предмети. Во 2008 година решил **5.147** предмети, со што останале нерешени **9.154** предмети. Со тоа Управниот суд не успеал да го совлада приливот на нови предмети за **3.350** предмети.

Иако бројот на решени предмети во основните судови во 2008 година **736.452** е помал од бројот на решени предмети во 2007 година **757.024** (за **20.572** предмети помалку или **2,7%**), сепак по судови, се констатира дека во 2008 година повеќе судови успеале да

го совладаат приливот и да решаваат од заостатокот. (Само за споредба во 2006 година 15 основни судови го совладале приливот). Во 2007 година 22 основни суда го совладале приливот, а сега бројот е зголемен на 26 основни суда кои успеале да го совладаат приливот, а решавале и од заостатокот и тоа:

1.**Основен суд Гевгелија** за 17.400 предмети;
2.**Основен суд Гостивар** за 8.995 предмети;
3.**Основен суд Дебар** за 1.435 предмети;
4.**Основен суд Кавадарци** за 5.673 предмети;
5.**Основен суд Кратово** за 15 предмети;
6.**Основен суд Крива Паланка** за 53 предмети;
7.**Основен суд Неготино** за 2.533 предмети;
8.**Основен суд Тетово** за 7.862 предмети;
9.**Основен суд Битола** за 21.925 предмет;
10.**Основен суд Кичево** за 1.925 предмети;
11.**Основен суд Крушево** за 775 предмети;
12.**Основен суд Охрид** за 13.550 предмети;
13.**Основен суд Прилеп** за 12.711 предмети;
14.**Основен суд Ресен** за 595 предмети;
15.**Основен суд Струга** за 3.003 предмет;
16.**Основен суд Берово** за 1.374 предмети;
17.**Основен суд Делчево** за 369 предмет;
18.**Основен суд Кочани** за 5.778 предмети;
19.**Основен суд Радовиш** за 7.127 предмети;
20.**Основен суд Свети Николе** за 1.534 предмети;
21.**Основен суд Струмица** за 4.408 предмети ;
22.**Основен суд Штип** за 3.903 предмети;
23.**Основен суд Велес** за 4.055 предмети;
24.**Основен суд Скопје I Скопје** за 34.131 предмети;
25.**Основен суд Виница** за 890 предмети;
26.**Основен суд Куманово** за 16.448 предмети;

Согласно податоците сите основни судови го совладале приливот, решавале и од заостатокот, освен Основен суд Скопје II Скопје, кој во 2008 година го зголемил заостатокот за 23.988 предмети.

Покрај Основниот суд Скопје II Скопје, четирите апелациони судови и Управниот суд не успеале да го совладаат приливот на нови предмети.

**3.Финансиска состојба**

Почетниот буџет за судската власт за 2008 година беше недоволен за остварување на основната функција на судовите. Со ребалансот на буџетот за 2008 година, дополнително е ублажена состојбата на недостаток на средства за категорија тековни расходи. Во текот на годината се превземени низа активности со одлуки на Судскиот буџетски совет, заради ублажување на состојбата во тековните расходи на судовите.

Показателите за реализација на буџетот збирно и по одделни категории, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените ставки, односно реализација на вкупниот буџет од 99.12%. Вака високиот процент на искористеност укажува дека Одлуките на Судскиот буџетски совет за пренамени на средства по категории, како и распределбата на средствата (буџетите) по одделни единки корисници биле извршени реално, наменски, согласно потребите на единките корисници и во насока на намалување на нерелизираните обврски на судската власт.

Заклучно со 31.12.2008 година, износот на вкупниот долг на судската власт изнесува 28.613.200,00 денари, споредбено со 31.12.2007 година кога долгот изнесувал 52.014.187,00 денари.

Ако се земе во предвид структурата на заостанатите нереализирани обврски на судовите по ставки, најголемите долгови се однесуваат на:

-ставката за комунални услуги во износ од 7.913.690,00 денари;

-ставката за договорни услуги (преводи, судски вештачења, договорни услуги и слично) со заостанати обврски во износ од 16.063.182,00 денари.

Во текот на 2008 година во судската власт успешно се реализираше НПАА програмата (Програма за усогласување со Европското законодавство). Вкупно се одобрени 126 нови вработувања и за истите се обезбедени согласности од Министерството за финансии. Овие вработувања се во насока на зајакнување на кадровските ресурси во судството.

Во рамките на Проектот на Светска банка за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка, во текот на 2008 година завршено е реновирањето и проширување на канцеларискиот простор на Судскиот совет на РМ и 11 судови со проширена надлежност. Во рамките на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2008 година, покрај другото беа реализирани неколку значајни проекти: продолжување на надградбата на Апелациониот суд Гостивар, промена на кровна покривка во Апелациониот суд Битола и Основниот суд Кичево, промена на прозорците во неколку суда, обезбедување пристап за хендикепирани лица до судиските згради, едношалтерски систем , електронска евиденција на работно време и сл. Во текот на 2008 година успешно

беше спроведена Анкета за мерење на задоволството на граѓаните од работењето на основните судови. Процентот на севкупното задоволство на јавноста во работата на судовите изнесува 78%, што упатува на висок квалитет на услугите што ги даваат судовите.

**Судски буџет (без Академија)**

| | Буџет 2007 | Буџет 2008 | Ребаланс на буџет 2007 | Ребаланс на буџет 2008 |
|---|---|---|---|---|
| плати | 1.076.244 | 1.269.895 | 1.101.240 | 1.292.659 |
| тековни трошоци | 146.327 | 156.709 | 237.685 | 251.709 |
| Тековни трансфери | 5.000 | 15.000 | 15.042 | 15.000 |
| капитални расходи | 50.000 | 50.000 | 50.000 | 50.000 |

**Судски буџет (со Академија)**

| | Буџет 2007 | Буџет 2008 | Ребаланс на буџет 2007 | Ребаланс на буџет 2008 |
|---|---|---|---|---|
| плати | 1.082.294 | 1276.736 | 1.106.150 | 1.299.500 |
| тековни трошоци | 172.867 | 176.000 | 260.825 | 276.000 |
| Тековни трансфери | 5.000 | 1.000 | 15.042 | 15.000 |
| капитални расходи | 54.000 | 51000 | 54.000 | 51000 |




Судски буџет судови и Академија 2007-2008
Ребаланс буџет 2008
Ребаланс буџет 2007
буџет 2008
буџет 2007
0
200,000
400,000
600,000
800,000
1,000,000
1,200,000
1,400,000
капитални расходи
Тековни трансфери
тековни трошоци
плати


Судски буџет-судови, ребаланс 2007-буџет 2008
1,101,240
1,269,895
237,685
156,709
15,042
15,000
50,000
50,000
1,400,000
1,200,000
1,000,000
800,000
600,000
400,000
200,000
0
плати
тековни трошоци
Тековни трансфери
капитални расходи
Ребаланс буџет 2007
Буџет 2008




Во однос на ребалансот за 2008 година, буџетот на судската власт за 2009 година, во делот кој обезбедува нормално функционирање на судовите е намален за 15%. Оттука, произлегува дека и буџетот за 2009 година покажува дека судовите во Република Македонија ќе се соочат со потешкотии во сервисирањето на обврските.

**4.Персонален состав**

Податоците за кадровската состојба, број на судии, стручни и советници со судската администрација, се значајни од аспект на капацитетот на човечките ресурси кои треба да го направат судството поефикасно и поквалитетно.

Во споредба со 2004 година, судиската функција ја извршувале 630 судии, во 2005 година 672 судии, во 2006 година 660 судии, во 2007 година 632 судии, а во 2008 година 660 судии.

Во 2004 година вкупно се завршени 723.605 предмети;

Во 2005 година вкупно се завршени 864.983 предмети;

Во 2006 година вкупно се завршени 860.844 предмети;

Во 2007 година вкупно се завршени 790.443 предмети.

Во 2008 година вкупно се завршени 780.041 предмети.

Бројот на вкупно вработените (судии, стручни, администрација) се движи:

-2004 година 2.854

-2005 година 2.621

-2006 година 2.721

-2007 година 2.793

-2008 година 2.877

# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО СУДОВИ

## УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

**Управниот суд** со работа започна на 05.12.2007 година по преземањето на нерешените управни предмети од Врховниот суд на Република Македонија. Судот работел со 22 судии вклучувајќи го и претседателот на судот, а во тек е постапка за избор на уште тројца судии.

Во текот на 2008 година, примени и оформени се **8.497** предмети по различни основи, а во работа биле и **5.804** нерешени предмети од минатата извештајна година или вкупно **14.301** предмет. Од нив, во извештајниот период решени се **5.147** предмети, а останале нерешени **9.157** предмети.

Судиите работат во специјализирани совети по материи и воглавно во пресудувањето даден е приоритет на одлучување на хронолошки постарите предмети.

Во оваа извештајна година не може да се даде оценка за квалитетот и ангажираноста на судиите, бидејќи е потребно да се изработи методологија за оценување на работата на овој суд.

Но, општа констатација е дека е потребно да се продолжи со доекипирање и доопремување на судот, решавање на просторните услови, континуирана едукација за судиите и администрацијата, како би се овозможило успешно функционирање на судот, чија надлежност е за целата територија на Република Македонија.

# АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

**Апелациониот суд Скопје** во извештајната 2008 година имал вкупно во работа **19.412** предмети, од кои **2.220** предмети се останати нерешени од претходната година и **17.192** новопримени предмети. Тоа е за **1.203** предмети **помалку во однос на 2007 година**. До крајот на годината решени се **16.668** предмети, а останале нерешени **2.744** предмети, што значи зголемување на заостатокот на нерешени предмети за **524** во споредба со претходната 2007 година. Од овие податоци е видно дека во 2008 година се решени помалку **1.727** предмети споредено со 2007 година и тоа при состојба на намален прилив во однос на 2007 година за **1203** предмети.

Апелациониот суд Скопје извештајната година ја завршил со заостаток од **2.744** предмети. Сметано според бројот на судиите со кои сега располага судот, а тоа е 42 и според динамиката на одлучување, произлегува дека заостатокот од **2.744** предмети, судот може да го совлада за период кој го става во категоријата на **ефикасни судови**.

Во однос на квалитетот во одлучувањето, состојбата по оддели е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупниот број завршени предмети во **182** предмети или во **2,7%** се изјавени вонредни правни лекови. Од нив **149** предмети (**81,87%**) се потврдени, што генерално претставува одличен квалитет на пресудување. Но мора да се има во предвид дека постои голема разлика во процентот поединечно по судии кој се движи од **66,6% до 92,86%** на потврдени одлуки.

Во **граѓанскиот оддел - трговски спорови** од вкупно решени **10.154** предмети, по вонредни правни лекови биле **932** предмети (**9,18%**), а потврдени се **797** предмети или **85,52%,** што претставува одличен квалитет.

Поединечно по судии, најнискиот процент на потврдени пресуди е **70,27%,** а највисокиот **100%**.

Во однос на ангажираноста на судиите, во 2008 година сметано поединечно секој судија во просек имал во работа по **42,5** предмети месечно.

На крајот на 2008 година и покрај намалениот прилив на предмети, останале нерешени **2.744** предмети, од кои најголем број и тоа **1.623** предмети се од граѓанскиот оддел. Во исто време приливот на кривични предмети е намален. Оттука, може да се заклучи дека зголемувањето на заостатокот на предмети во 2008 година во однос на 2007 година се должи пред се на неправилниот распоред на судии, односно недоволно ангажираниот број на судии во граѓанските совети и предимензионираниот број на судии ангажирани во кривичниот оддел.

Судиите во граѓанскиот оддел во извештајниот период решавале повеќе предмети од ориентационата норма, а судиите во кривичниот оддел биле помалку ангажирани, со оглед на намалениот прилив на предмети во овој оддел. Поради тоа, се препорачува распоредување на судиите по материи, соодветно на приливот на предмети, со што би се избегнало натамошно зголемување на заостатокот на нерешени предмети.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

**Апелациониот суд Битола** извештајната година ја започнал со **997** предмети од претходната година. Во 2008 година од сите видови предмети примени се **9.281** предмет или вкупно во работа биле **10.278** предмети, решени се **8.867** предмети, а останале нерешени **1.411** предмети. Со овој заостаток, овој суд спаѓа во групата на **апсолутно ефикасни судови**, бидејќи овој заостаток може да се реши за неполни **2 месеци**.

Во однос на квалитетот, од дадените показатели во извештајот, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупниот број предмети против кои се подигнати вонредни правни лекови, потврдени се **83,6%,** што претставува одличен квалитет.

Во **граѓанскиот оддел** потврдени се **79,10%,** поради што може да се заклучи дека квалитетот е многу добар и е зголемен во однос на 2007 година, кога процентот на потврдени граѓански одлуки изнесувал **66,31%** или е зголемен за **12,8%.**

Претседателот и секој судија на Апелациониот суд Битола поединечно, месечно сметано за 10,5 месеци оствариле просек на решени предмети по **43,35** предмети и овој просек спореден со просекот на решени предмети во претходната година е поголем за 1,44 предмети.

Инаку и основните судови од Апелационото подрачје Битола во 2008 година постигнале одлични резултати, со тоа што бројот на решени предмети го зголемиле за **35.582** предмети во однос на 2007 година. Исто така, во овие судови направени се и напори во однос на зголемување на бројот на решени стари предмети.

Апелациониот суд Битола би постигнал уште подобри резултати, доколку се пополнат упразнетите судиски места, како и местата за стручниот и административно-технички кадар.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

**Апелациониот суд Гостивар** започна со работа како второстепен суд на 17.12.2007 година. Во текот на извештајниот период овој суд вкупно во работа имал **5.288** предмети. Од нив решени биле **3.712** предмети, а останале нерешени **1.576** предмети. Овој заостаток може да се реши за период од **3 до 6 месеци**, поради што овој суд спаѓа во групата на **ефикасни судови**.

Во **граѓанскиот оддел** во предметите од граѓанската материја против одлуките на Апелациониот суд Гостивар вложени биле 23 ревизии, од кои во текот на извештајниот период бил решен само еден предмет од повисок суд, по кој ревизијата била отфрлена како недозволена, поради што сеуште не може да се даде оценка за квалитетот во овој оддел.

Во **кривичниот оддел** биле поднесени вонредни правни лекови по 16 предмети, од кои се решени 8 предмети и сите се потврдени.

Во текот на годината, судиите во овој суд во просек решавале по **45,78** предмети месечно.

Апелациониот суд Гостивар нема нерешени стари предмети, бидејќи сите предмети се решени, а и останатите предмети што не успеал да ги реши во извештајниот период, се примени во 2008 година.

Општа констатација е дека и покрај кадровската и административната недоекипираност, како и ограничените просторни и други услови заради техничка недоопременост, судот во извештајниот период постигнал добри резултати и во граѓанската и во кривичната област.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

**Апелациониот суд Штип** во текот на 2008 година, во работа имал вкупно **6.923** предмети. Од овој број **483** предмети се заостаток од 2007 година и новопримени **6.440** предмети, што значи дека приливот бил зголемен за **341** предмети во споредба со претходната година и истиот не е совладан.

Во текот на годината биле решени вкупно **6.374** предмети, што значи заостатокот на крајот на годината изнесува **549** предмети или за 66 предмети повеќе во споредба со крајот на 2007 година.

Податокот дека заостатокот на нерешените предмети кој изнесува **549**, претставува обем на работа за помалку од **1 месец**, укажува дека Апелациониот суд Штип е **апсолутно ефикасен суд.**

Во оценка на **квалитетот во работењето**, состојбата е следна:

Според извештајот вкупно **524** предмети биле по вонреден правен лек пред Врховнот суд на Република Македонија и од нив било одлучувано по **190** предмети од кои во **155** случаи одлуките на судот биле потврдени или **81,6%.** По ревизија на одлучување биле **67** стопански предмети од кои решени биле **26**, а од нив **21** со потврдителна одлука или **80,8%.** Со вонреден правен лек оспорени биле **56** кривични предмети. Од овој број потврдени биле **46** одлуки или **82,1%.** Високиот процент на потврдени одлуки зборува дека квалитетот во одлучувањето во овој суд е на многу високо ниво.

Во оценка на ангажираноста на судиите, отежителна околност е тоа што сите работат на предмети од различни области, заради што нагласена е потребата во иднина да се изврши поделба на ангажираноста по материи во граѓанските предмети.

Генерална констатација е дека Апелациониот суд Штип во текот на 2008 година успешно ги реализирал поставените задачи во предметното и вонпредметното работење. Треба да се има предвид дека заостатокот на нерешени предмети е зголемен во однос на претходната година и не е совладан приливот на нови предмети.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ

**Основниот суд Скопје I Скопје е кривичен суд со основна и проширена надлежност** за подрачјето на град Скопје, како и суд кој постапува по предмети од организиран криминал на територијата на цела Република Македонија.

Во текот на 2008 година во судот била примени вкупно **99.873** предмети. Со заостатокот од 2007 година од **96.253** предмети, во работа вкупно биле **196.126** предмети. Во извештајниот период биле решени **134.009** предмети, а останале нерешени **62.117** предмети. Овој заостаток од **62.117** предмети може да се реши за период до **6 месеци**, поради што овој суд спаѓа во групата на **релативно ефикасни судови.**

Според квалитетот на одлучувањето, состојбата е следна:

Во **одделот за организиран криминал и корупција-кривично полнолетни** од вкупно **633** предмети, по жалба биле **106** предмети од кои **89** предмети биле потврдени или **83,96%.**

Во **кривичниот оддел** по жалба биле вкупно **1.300** предмети, од кои **758** предмети се потврдени или **58,31%.**

Во **прекршочниот оддел** од вкупниот број решени предмети **65.355**, обжалени биле **1.305** предмети од кои **727** предмети се потврдени или **55,79%.**

Според податоците во сумарниот преглед на решени предмети, судиите во судот максимално биле ангажирани.

Квалитетот на решени предмети генерално е многу добар на ниво на суд, бидејќи процентот на потврдени предмети е висок.

Од прегледот на нерешени стари предмети, може да се констатира дека и покрај направените напори да се намали бројот на стари предмети, овој број е сеуште неоправдано голем.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

**Основниот суд Скопје II Скопје е суд со проширена надлежност.** Извештајната година судот ја започнал со **495.037** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **116.718** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **611.755** предмети. Во 2008 година решени се **92.730** предмети, а останале нерешени **519.025** предмети, од што произлегува дека не е совладан приливот за **23.988** предмети или за **20,55%**. Со оглед дека овој заостаток на предмети со постојниот број на судии и административно-технички кадар може да се совлада за период **подолг од една година**, овој суд е **неефикасен.**

Во однос на к**валитетот во решавањето** на предметите состојбата е следна:

Во **граѓанскиот-парничен** оддел вкупно решени се **8.984** предмети, обжалени се **2.231** или **24,83%** предмети, а потврдени се **73,06%**, што се оценува како **многу добар**.

Во одделот за **работни спорови**, карактеристично е дека е совладан приливот на предметите, решени се **2146** предмети, обжалени се **632** или **29,45%** од кои се потврдени **67,72 %** што се оценува како **добар.**

Во **одделот за трговски спорови** не е совладан приливот на нови предмети. Вкупно во работа биле **10.139** предмети, а решени се **3.873**. Биле обжалени **950 одлуки** или **24,52%**, а потврдени **82,84%** , што се оценува како **одличен квалитет.**

Во **одделот за стечај и ликвидации** каде што од обжалените одлуки потврдени се **88,88%,** квалитетот се оценува како одличен. Во одделот за **општи и извршни предмети** со **74,3%** потврдени, квалитетот се оценува како многу добар, во **одделот за стопанско извршување** потврдени се **75,75%** што се оценува како многу добар, а во **одделот за оставински и вонпроцесни предмети**, со потврдени **76,19%,** квалитетот се оценува како многу добар и во **одделот за платни налози** каде се потврдени **96,42%** се оценува како **одличен.**

Од ова се заклучува дека и покрај зголемените напори на судиите во остварувањето на ориентационите норми, односно забележителниот напор во подобрувањето на квантитетот и квалитетот на работа, кој главно се оценува како многу добар и одличен, судот годината ја завршил со значително зголемен број на нерешени предмети. Тоа се должи исклучиво на енормно зголемениот прилив на предмети во претходната извештајна година кој е невозможно да се совлада со постојниот состав на судии и административно технички кадар во судот.

Поради тоа во наредниот период овој суд посебно треба да обрне внимание на совладувањето на приливот и решавањето на заостанатите стари нерешени предмети, имајќи го притоа предвид бројот на предмети по судија, што бара зголемени напори и ангажман на сите вработени. Притоа, мора да се имаат во предвид и потребите на овој суд од административен и стручен кадар, како и материјалните и просторните потреби на судот, за ефикасно функционирање на судот.

## ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

**Основниот суд Велес е суд со проширена надлежност**. Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **4.055** предмети. Во 2008 година

во овој суд останале нерешени **28.999** предмети и овој заостаток може да се реши за **10,72 месеци**, поради што овој суд е **релативно ефикасен суд**.

Извештајната година судот ја започнал со **33.054** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **23.092** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **56.146** предмети од кои решени **се 27.147**.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени **17.986** предмети, обжалени се **589** предмети или **3,27%** од кои **323** се потврдени или **54,83%**.

Квалитетот на решени **прекршочни предмети** е таков што од вкупно решени **9.711** предмети, обжалени се **455** или **4,68%;** потврдени се **236** или **51,80%.**

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени **9.163** предмети, обжалени **596** или **6,50%** од кои **443** се потврдени или **74,32%**.

Општата оценка е дека во извештајната година е подобрен квалитетот во решавање на предметите, во граѓански оддели е добар, а во кривичниот оддел, вклучително и решавањето на прекршочните предмети, квалитетот не задоволува, поради што е потребно во иднина да се работи на подобрување на квалитетот на пресудување во овој оддел.

Во однос на **ангажираноста на судиите** по оддели, состојбата е следна:

Во текот на 2008 година во **граѓанскиот оддел** од вкупно во работа **2.248** предмети, решени се **1.412** предмети или за 10,5 месеци по **134,47** предмети месечно по судија.

Во **кривичниот оддел** решени се **588** предмети или за 10,5 месеци по **56** предмети месечно.

Во однос на решените **911 прекршочни предмети** за период од 10,5 месеци, решени се по **24,85** предмети месечно.

**Истражни предмети,** решени се **353** предмети или за 10,5 месеци по **33,61** предмет месечно.

Посебен придонес овој суд дал во решавањето на старите предмети и од секој судија е изготвена програма за нивно решавање, поради што се постигнати добри резултати, така што од вкупниот број на **нерешени стари предмети 11.097**, на крајот на годината тој изнесува **8.465** предмети или **намалување за 2.632 предмети.**

## ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

**Основниот суд Гевгелија е суд со основна надлежност.** Во овој суд во 2008 година, со нерешените **22.274** предмети од 2007 година и новопримени **9.841** предмети, во работа биле вкупно **32.115** предмети.

Во 2008 година во судот се решени **27.241** предмети или за **4.140** предмети повеќе во однос на 2007 година, односно ефикасноста во делот на нерешените предмети е зголемена со намалување на заостатокот за скоро 4,5 пати, но евидентно е дека приливот е намален за **3.467** предмети или за **26,05%**, што се должи на промената на надлежноста.

Основниот суд Гевгелија во извештајната година го зголемил бројот на решени предмети, го совладал приливот на новопримени предмети и годината ја завршил со заостаток од само 4.874 предмети, што претставува заостаток кој може да се реши за **2 месеци**, поради што овој суд спаѓа во групата на **апсолутно ефикасни судови.**

Во однос на **квалитетот на одлучување**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно **247** кривични предмети, решени биле **219** предмети од кои **80** предмети биле обжалени или **36,7%**, а од нив **65** предмети се потврдени или **81,3%**, што претставува **одличен квалитет** во одлучувањето и што е многу подобар квалитет во споредба со 2007 година кога биле потврдени само **58%** од обжалените предмети.

Кај **прекршочните предмети** од вкупно решени **3.423** предмети, обжалени се **283,** од кои **173** предмети или **61%** се потврдени, што претставува добар квалитет, но е полош квалитет споредено со 2007 година кога биле потврдени **83,34%.**

Според податоците по судии, евидентно е дека квалитетот на потврдени одлуки е многу различен и се движи од **32,56%** до **80%,** што треба во иднина да се надмине.

Во **граѓанскиот оддел** се обжалени **184** предмети од кои потврдени се **135** предмети или **73,4%**, што претставува **многу добар квалитет**, а квалитетот поединечно по судија се движи од **66,7%** до **83,3%.**

Генерален заклучок е дека Основниот суд Гевгелија во целина во 2008 година покажал позитивни резултати, зголемен е бројот на решени предмети, квалитетот се подобрува, но потребно е да се обрне поголемо внимание на лично стручно усовршување на секој судија и да се продолжи со спроведување на програмата за намалување на бројот на стари нерешени предмети.

## ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

**Основниот суд Кавадарци е суд со основна надлежност**. Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **5.673** предмети. Во 2008 година во овој суд останале нерешени **6.388** предмети и овој заостаток може да се реши за период од **3 до 6 месеци**, поради што овој суд е **ефикасен суд**.

Извештајната година судот ја започнал со **12.061** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **11.621** предмет, што значи дека вкупно во работа биле **23.682** предмети, од кои решени **се 17.294**, а останале нерешени **6.388** предмети.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени кривични предмети против полнолетни лица **274**, обжалени се **76** предмети или **27,74%** од кои се потврдени **75%**.

Квалитетот на решени **прекршочни предмети** е таков што од вкупно решени 1**.826** предмети, обжалени се **341** или **18,67%;** потврдени се **76,4%**.

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени **2.184** предмети, обжалени **345** или **15,80%** од кои се потврдени **73,04%**.

Општата оценка е дека во извештајната година, квалитетот во решавање на предметите во граѓанскиот и кривичниот оддел, вклучително и за прекршочните предмети е многу добар, но карактеристично е дека во овие оддели во однос на претходната година е зголемен процентот на укинати одлуки, поради што е потребно во иднина да се работи на подобрување на квалитетот на пресудување во овие оддели.

Во извештајната година сите судии ја оствариле ориентационата норма или се на границата на остварување на истата, со одредени отстапки кај некои судии поради обемот на работа и структурата на предметите, а одделни судии со својата работа квантитативно се на просекот на ниво на судство.

Според акциониот план во овој суд се решени **3.847** стари предмети или за **89,44%** повеќе во споредба со претходната година.

Иако овој суд се вбројува во категоријата на судови кои се сметаат за ефикасни, освен во извршување на прекршочните санкции и извршните предмети, овој суд би се сметал за апсолутно ефикасен, бидејќи заостатокот во другите области би бил совладан за период до 3 месеци.

## ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

**Основен суд Кратово е суд со основна надлежност.** Во овој суд во извештајната година вкупно во работа биле **3.471** предмет, од кои **987** нерешени предмети од претходната година и **2.493** новопримени предмети. Во текот на годината решени се **2.508** предмети, а на крајот останале нерешени **965** предмети. Основниот суд Кратово го совладал приливот на новопримени предмети и го намалил заостатокот од претходната година за **15** предмети. Со оглед да заостатокот може да се реши за **4 месеци**, овој суд може да се оцени како **ефикасен суд.**

Во однос на **квалитетот на пресудувањето**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел**, од вкупно решени **103** кривични предмети, обжалени се **57** предмети или **55,3%** од кои потврдени се **27** или **47,3%**, поради што оценката е дека квалитетот во овој оддел е незадоволителен.

Кај **прекршочните предмети** обжалени се **109** предмети или **25,2%**, од коі потврдени се **44** предмети или **40,3%**, што претставува исто така незадоволителен квалитет.

Во **граѓанскиот оддел**, од вкупно решени **223** предмети, обжалени се **132** предмети или **59,1%**, од кои потврдени се **74** предмети или **56%**, што значи дека и во овој оддел квалитетот на пресудувањето е незадоволителен.

Во однос на **ангажираноста на судиите**, оценка е дека во наредниот период судиите треба да одлучуваат во согласност со ориентационата норма.

Треба да се настојува побрзо и поквалитетно решавање на старите предмети.

Подобрување на квалитетот, исполнување на ориентационата норма и побрзо и поквалитетно решавање на старите предмети, во голема мера зависи од личното, стручното усовршување на секој судија што подразбира поголема активност во континуираната едукација.

## ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

**Основниот суд Крива Паланка е суд со основна надлежност.** Овој суд во 2008 година имал во работа вкупно **5.613** предмети, од кои **939** предмети останати нерешени од претходната година и **4.674** новопримени предмети.

Во оваа година во Основниот суд Крива Паланка обемот на работа е намален за **1.992** предмети, како резултат на променетата надлежност, а приливот на предмети е совладан. Во извештајниот период решени се вкупно **4.727** предмети или за **1.939** предмети помалку во однос на претходната година, а останале нерешени **886** предмети. Со оглед на бројот на нерешени предмети кој изнесува **886**, констатација е дека истиот може да се совлада за **1,96 месеци**, поради што овој суд ја задржува оценката на **апсолутно ефикасен суд.**

Во однос на **квалитетот на пресудувањето**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел**, од вкупно решени **171** кривичен предмет, потврдени се **53** предмети или **74,64%** и претставува многу добар квалитет на пресудување.

Во однос на квалитетот на **прекршочните предмети**, потврдени се **70** предмети или **65,42%** што претставува добар квалитет и е подобар во споредба со претходната година.

Во **граѓанскиот оддел**, вкупно потврдени се **134** предмети или **70,15%,** што се оценува како добар квалитет на одлучувањето.

Во однос на **ангажираноста на судиите**, општа констатација е дека судиите во судот не се поеднакво ангажирани и не ја совладале ориентационата норма.

Во претстојниот период да се настојува да се подобри квалитетот и ангажирност на секој судија поединечно, со поголем поединечен ангажман во лична едукација и усовршување.

Потребно е да продолжи тенденцијата на побрзо и поквалитетно решавање на старите предмети на кои е посветено поголемо внимание во извештајната година и се постигнати подобри резултати.

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

**Основниот суд Куманово е суд со проширена надлежност**. Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **16.448** предмети. Во 2008 година во овој суд останале нерешени **44.097** предмети и овој заостаток може да се реши за период од **над една година**, поради што овој суд е **неефикасен.**

Извештајната година судот ја започнал со **60.545** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **22.465** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **83.010** предмети, од кои решени **се 38.913**, а останале нерешени **44.097** предмети.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени **1.239** предмети, обжалени се **5.269** предмети потврдени се **147** или **54,64%, што се оценува како незадоволителен.**

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени **1.816** предмети, обжалени **674** потврдени се **402** или **59,65%, што се оценува како незадоволителен.**

Општата оценка е дека во извештајната година во споредба со претходната е подобрен квалитетот во решавање на предметите, но сепак истиот и во граѓанскиот и во кривичниот оддел не задоволува, поради што е потребно во иднина да се работи на подобрување на квалитетот на пресудување во овие оддели.

Во однос на **ангажираноста на судиите** по оддели, состојбата е следна:

Во извештајниот период судиите и од кривичниот и од граѓанскиот оддел ја совладувале ориентационата норма, а одредени судии ја надминале, односно покажале вонредно ангажирање во совладувањето на големиот број предмети, притоа грижејќи се да го задржат потребното ниво на квалитет во решавањето .

Посебен придонес овој суд дал во решавањето на старите предмети, поради што се постигнати добри резултати.

Според наведеното, произлегува дека во извештајната година е вложен посебен напор во решавањето на предметите и во кривичниот и во граѓанскиот оддел, а притоа во однос на претходната година е подобрен квалитетот во одлучувањето, надминати се голем број стари проблеми, што овозможиле нормално функционирање на работата на судот.

Во предстојниот период е потребно да продолжи таквиот ангажман на судиите, притоа посветувајќи внимание на решавањето на старите предмети, согласно програмата која се покажа како ефикасна, како и за подобрувањето на квалитетот во решавањето.

## ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО

**Основниот суд Неготино е суд со основна надлежност.** Во текот на 2008 година судот имал вкупно во работа **20.634** предмети од кои **15.168** нерешени предмети од претходната година и **5.466** новопримени предмети. Решени се **7.999** предмети, што значи совладан е приливот и зголемен е бројот на решени предмети за **2.533**.

Според бројот на нерешени предмети **12.635** кој може да се совлада за период од **една година**, овој суд е во категорија на **неефикасни судови.**

Во однос на **квалитетот по оддели**, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно **7.523** решени предмети, само по **160** предмети е вложена жалба и од нив потврдени се **128** предмети односно **80%.**

Од вкупно **2.614 прекршочни предмети**, во текот на годината решени се **1.282** предмети, а од нив жалба била вложена по **175** предмети од кои **130** се потврдени или **75%.**

Во **кривичниот оддел** од вкупниот број на решени предмети кој изнесува **154**, жалби биле вложени по **41** предмет, од кои потврдени се **30** предмети, што изнесува **73%.**

Општа оценка е дека квалитетот на одлучувањето кај овие видови предмети е многу добар.

Основниот суд Неготино има услови за постигнување подобри резултати, бидејќи судот работи во добри просторни услови, со воведен едношалтерски систем и без финансиски потешкотии.

## ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

**Основниот суд Гостивар е суд со проширена надлежност**. Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **8.995** предмети. Во 2008

година во овој суд останале нерешени **36.053** предмети и овој заостаток може да се реши за период од **над една година,** поради што овој суд е **неефикасен.**

Извештајната година судот ја започнал со **45.048** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **33.359** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **78.407** предмети, од кои решени **се 42.354**, а останале нерешени **36.053** предмети.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени **489** предмети, обжалени се **146** предмети или **30,80%** од кои **74** се потврдени или **50,68%.**

Квалитетот на решени **прекршочни предмети** е таков што од вкупно решени **12.617** предмети, обжалени се **85** или **0,67%;** потврдени се **14** или **16,47%.**

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени **1.287** предмети, обжалени **108** или **8,39%** од кои **45** се потврдени или **41,67%.**

Општата оценка е дека во извештајната година квалитетот во решавање на предметите и во граѓански и во кривичниот оддел, вклучително и решавањето на прекршочните предмети квалитетот не задоволува, поради што е потребно во иднина да се работи на подобрување на квалитетот на пресудување во овие оддели.

Во однос на **ангажираноста на судиите** по оддели, состојбата е следна:

Евидентно е дека постои разлика во однос на ангажирање на судиите и дека одредени судии не ја остваруваат ориентационата норма, а исто така постои и значителна разлика меѓу судиите како во квантитативното, така и во квалитативното решавање на предметите.

Посебен придонес овој суд дал во решавањето на старите предмети и од секој судија е изготвена програма за нивно решавање, поради што се постигнати добри резултати, така што од вкупниот број на **нерешени стари предмети 467**, на крајот на годината останале нерешени **196** предмети.

Иако сите показатели укажуваат дека овој суд во извештајната година го совладал приливот на нови предмети, треба да се нагласи дека тоа се должи на намален прилив на предмети во овој период.

Поради тоа, во наредниот период треба да се работи со зголемен ангажман за подобрување како на квантитетот, така и на квалитетот во решавањето на предметите, како би можел овој суд да стане ефикасен суд.

## ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

**Основниот суд Дебар е суд со основна надлежност**. Во текот на 2008 година, во овој суд вкупно во работа биле **9.462** предмети, од кои **3.908** предмети останати нерешени од претходната година и **5.054** новопримени предмети. Во текот на извештајната година решени се **6.989** предмети, а останале нерешени **2.473** предмети. Овие податоци укажуваат дека судиите во Основниот суд Дебар го совладале приливот на нови предмети и го намалиле заостатокот за **1.435** предмети, кој може да се совлада за период од **4,5 месеци**, поради што овој суд се оценува како **ефикасен суд**.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел**, вклучувајќи ги **истражните дејствија**, вкупно во работа биле **85** предмети од кои решени се **63** или **74,10%**, **8** се обжалени или **12,7%**, а **5** потврдени или **62,5%.**

Од вкупно решените **прекршочни предмети** кои изнесувале **1.514**, вложени се **30** жалби или **1,92%** од кои **6** или **20%** се потврдени.

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно **201** решени предмети, обжалени се **56** одлуки или **27,9%** од кои потврдени се **29** предмети или **51,8%.**

Оценката е незадоволителна во однос на квалитетот на пресудување кај граѓанските и кај прекршочните предмети, освен кај истражните дејствија, каде оценката за квалитетот е добра, имајќи го во предвид бројот на вкупно решените предмети, како и бројот на потврдените одлуки.

Во однос на **ангажираноста на судиите** според податоците во извештајот, генерална констатација е дека и во **кривичниот** и во **граѓанскиот оддел**, квалитетот по судии е различен и тој не задоволува, што укажува дека во иднина е потребно да се вложат поголеми напори за подобрување на квалитетот.

Со оглед на тоа што е зголемен приливот на предмети во 2009 година, потребен е посебен ангажман на судиите за намалување на бројот на нерешените предмети.

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

**Основниот суд Кичево е суд со основна надлежност**. Во текот на 2008 година вкупно во работа имало **17.289** предмети. Од нив **3.947** предмети се останати нерешени од претходната година и **13.342** новопримени предмети по сите основи. Од овие предмети решени се **15.267**, а останале нерешени **2.022** предмети. Со оглед на тоа што овој заостаток може да се совлада за период до **3 месеци**, судот се вбројува во категоријата на **апсолутно ефикасни судови**.

Судот го совладал приливот и го намалил заостатокот за **1.925** предмети.

Во **кривичниот оддел** од вкупниот број на решени предмети кој изнесува **266**, по жалба биле **62** предмети од кои **34** односно **54,83%** се потврдени, кој е скоро идентичен како претходната година, а полош е процентот на укинати предмети.

Процентот, пак, на потврдени прекршочни предмети изнесува **49,64%** и е незадоволителен.

Во **граѓанскиот оддел** процентот на укинатите одлуки е полош во споредба со претходната година. Од обжалени **239** предмети, потврдени се **159** или **53,97%.**

Општата оценка е дека во извештајната година, квалитетот во решавање на предметите во граѓанскиот оддел, во кривичниот оддел и во прекршочниот оддел е незадоволителен, поради што е потребно во иднина да се работи на подобрување на квалитетот на пресудување во овие оддели.

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

**Основниот суд Тетово е суд со проширена надлежност**. Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **7.862** предмети, поради што овој суд е **неефикасен**.

Извештајната година судот ја започнал со **62.090** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **38.018** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **100.108** предмети од кои решени **се 45.880**, а останале нерешени **54.228** предмети. Бидејќи овој заостаток може да се реши за период **над една година**, овој суд се вбројува во категоријата на **неефикасни судови.**

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** за полнолетни лица, од вкупно решени **709** предмети, обжалени се **146** предмети или **20,6%** од кои **84** се потврдени или **57,5%.**

Квалитетот на решени **прекршочни предмети** е таков што од вкупно решени **13.002** предмети, обжалени се **30** или **0,2%;** потврдени се **10** или **33,3%.**

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени **1.664** предмети, обжалени **150** или **9%** од кои **84** се потврдени или **56%.**

Општата оценка е дека во извештајната година, квалитетот во решавање на предметите во граѓанскиот оддел и во кривичниот оддел-полнолетни лица е незадоволителен, поради што е потребно во иднина да се работи на подобрување на квалитетот на пресудување во овие оддели.

Вкупниот број на **нерешени стари предмети** на крајот на годината изнесува **157** предмети .

Според податоците содржани во извештајот, ако се има предвид кадровската екипираност на судот, како и фактот дека од **54.228** нерешени предмети, **35.604** се

извршни, просекот на решени предмети кај одделни судии не задоволува, односно не ја исполнуваат ориентационата норма.

Според тоа, во наредниот период потребно е да се зголеми ангажираноста на судиите за подобрување на квантитетот и квалитетот во решавањето на предметите.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

**Основниот суд Битола е суд со проширена надлежност**. Извештајната година судот ја започнал со **54.704** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **28.236** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **82.940** предмети од кои решени се **50.161.** Овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **21.925** предмети. На крајот на годината останале нерешени **32.779** предмети и овој заостаток може да се реши за **6 месеци**, поради што овој суд е **ефикасен суд**.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени **821** предмети, обжалени се **204** предмети од кои **125** се потврдени или **61,27%.**

Квалитетот на решени **прекршочни предмети** е таков што од вкупно решени **5.746** предмети, обжалени се **291** предмети од нив потврдени се **185** или **63,57%**.

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени процесни **2.757** предмети, обжалени се **1.108** предмети, од кои **789** се потврдени или **71,21%.**

Општа констатација е дека квалитетот на одлучувањето се движи од добар во кривичниот и прекршочниот оддел, до многу добар во граѓанскиот оддел, што укажува дека во иднина треба да се подобри квалитетот посебно во кривичниот оддел.

Во однос на **ангажираноста на судиите** по оддели, како и во однос на квалитетот на пресудувањето, би се постигнале многу подобри резултати со потесна специјализација на судиите по оддели.

Посебен придонес овој суд дал во решавањето на старите предмети, поради што се постигнати добри резултати. Од вкупниот број на **нерешени стари предмети 3.167**, во текот на годината биле решени **2.909** предмети, а **останале 258** нерешени предмети**,** без да се земат во предвид извршните предмети**.**

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

**Основниот суд Крушево е суд со основна надлежност**. Извештајната година судот ја започнал со **3.808** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **1.781** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **5.589** предмети од кои решени се **2.556.** Овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **775** предмети. На крајот на годината останале нерешени **3.033** предмети и овој заостаток може да се реши за период од **една година**, поради што овој суд е **неефикасен суд**.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени **25** предмети, обжалени се **4** предмети од кои **3** предмети се потврдени или **75%,** поради што квалитетот се оценува како добар.

Квалитетот на решени **прекршочни предмети** не задоволува, бидејќи од вкупно решени **695** предмети, обжалени се **62** или потврдени се **22** предмети или **35%.**

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени **129** предмети и според бројот на потврдени предмети просекот се движи од добар до одличен **82,0% - 65,0%**, што укажува на големи разлики во квалитетот по одделни судии, што треба во иднина да се надмине со личен ангажман на судиите.

Генерален заклучок за Основниот суд Крушево е дека во извештајната година приливот е намален и дека судиите ја исполниле ориентационата норма.

Посебен придонес овој суд дал во решавањето на старите предмети, постигнати се добри резултати, така што нема **нерешени стари кривични, истражни и прекршочни предмети**, а во граѓанскиот оддел има **21** предмет и извршни **2.035** предмети.

## ОСНОВЕН СУД ОХРИД

**Основниот суд Охрид е суд со проширена надлежност**. Извештајната година судот ја започнал со **35.930** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **30.631** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **66.561** предмети од кои решени **се 44.181.** Овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **13.550** предмети. На крајот на годината останале нерешени **22.380** предмети и овој заостаток може да се реши за **6 месеци**, поради што овој суд е **ефикасен суд**.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени **268** предмети, обжалени се **159** предмети или **59,3%,** од кои **94** се потврдени или **59,1%.**

Квалитетот на решени **прекршочни предмети** е таков што од вкупно решени **1.285** предмети, обжалени се **254** или **19,8%;** потврдени се **169** или **66,5%.**

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени **2.643** предмети, обжалени **788** од кои **482** предмети се потврдени или **61,1%.**

Општа констатција е дека квалитетот на одлучување во извештајната година е подобрен во решавање на предметите во граѓанскиот оддел. Квалитетот на одлучување кај прекршочните предмети е добар, додека во кривичниот оддел не задоволува, што укажува дека во иднина треба да се подобри квалитетот на пресудување, посебно во кривичниот оддел.

Посебен придонес судиите дале во решавањето на старите предмети, поради што е намален значителен дел од старите незавршени предмети.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

**Основниот суд Прилеп е суд со проширена надлежност**. Извештајната година судот ја започнал со **59.554** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **40.660** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **100.214** предмети од кои решени **се 53.371.**Овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **12.711** предмети. На крајот на годината останале нерешени **46.843** предмети и овој заостаток може да се реши за **9 месеци**, поради што овој суд е **релативно ефикасен суд**.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени **4.690** предмети, а од обжалените предмети потврдени се **64 %**.

Квалитетот на решени **прекршочни предмети** е таков што од вкупно решени **7.391** предмети, од обжалените предмети потврдени се **42%.**

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени **33.378** предмети, а од обжалените предмети се потврдени **70%.**

Општа констатација за Основниот суд Прилеп е дека квалитетот е подобрен во решавање на предметите во граѓански и во кривичниот оддел, така што се оценува како добар, додека во решавањето на прекршочните предмети квалитетот не задоволува, поради што е потребно во иднина да се работи на подобрување на квалитетот на пресудување кај прекршочните предмети. Судиите и претседателот на судот се ангажирале во решавањето на предметите и ја исполниле ориентационата нарма.

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

**Основниот суд Ресен е суд со основна надлежност**. Извештајната година судот ја започнал со **2.257** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **3.581** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **5.838** предмети од кои решени **се 1.662.** Овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **595** предмети. На крајот на годината останале нерешени **1.662** предмети и овој заостаток може да се реши за **10,9 месеци**, поради што овој суд е **релативно ефикасен суд**.

Во однос на **квалитетот во решавањето на предметите**, состојбата е следна:

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени **47** предмети, обжалени се **8** предмети или **17%** ,од кои **7** предмети се потврдени или **87,50%.**

**Во граѓанскиот оддел** вкупно се решени **217** предмети, обжалени **87** предмети или **40 %,** од кои **57** предмети се потврдени или **62,19%.**

Општата констатација е дека квалитетот на одлучување се движи од добар во граѓанскиот оддел до многу добар во кривичниот оддел. Посебен придонес судиите од овој суд дале во решавањето на старите предмети, па во **кривичниот оддел** останал нерешен **1** предмет, а во **граѓанскиот оддел** останале нерешени **18** предмети.

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

**Основниот суд Струга е суд со основна надлежност**. Извештајната година судот ја започнал со **11.900** нерешени предмети од претходната година, новопримени се **14.820** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **26.720** предмети од кои решени **се 17.823.**Овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **3.003** предмети. На крајот на годината останале нерешени **8.897** предмети и овој заостаток може да се реши за **6 месеци**, поради што овој суд е **ефикасен суд**.

Имајќи ги предвид поединечните показатели по судии за нивното квалитативно и квантитативно работење, може да се заклучи дека во изминатата 2008 година одредени судии постигнале многу добри резултати, кај одделни судии има значително зголемување на квалитетот на одлуките, но има и судии кои се константни во процентот на потврдени одлуки, како и судија кој постигнал слаб квалитет на потврдени одлуки.

Со оглед на ваквата разлика во квалитетот и квантитетот на одлучувањето кај одделни судии, потребно е во иднина да се направат напори да се надминат ваквите разлики со посебен личен ангажман на судиите кои покажуваат послаби резултати.

Во иднина треба да се настојува да се пополнат непополнетите работни места за судската администрација, заради подобро функционирање на судот.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

**Основен суд Берово спаѓа во редот на основните судови со основна надлежност.** Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **1.374** предмети. Во 2008 година во овој суд останале нерешени **964** предмети и овој заостаток може да се реши за **1,7 месеци**, поради што овој суд е **апсолутно ефикасен**.

Извештајната година судот ја започнал со **2.338** нерешени предмети од претходната година. Новопримени се **6.794** предмети, што значи дека вкупно во работа биле **6.776** предмети, од кои решени се **5.812** предмети, а останале нерешени **964** предмети.

Во однос на **квалитетот на решавањето на предметите**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно решени **113** предмети, обжалени се **33** предмети или **24,4%** од кои **25** се потврдени или **75,7%.**

Во **граѓанскиот оддел** вкупно се решени **268** предмети, од кои обжалени се **80** предмети. Од обжалените предмети потврдени се **70** или **87,5%.**

Општа оценка е дека во извештајната година е подобрен квалитетот на решавање на предметите во споредба со претходната година.

По однос на **ангажираноста на судиите по оддели**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно решени **111** предмети, **33** се обжалени или **24,4%,** од кои **25** се потврдени или **75,7%**. Просечната норма на решавање изнесува **12,8** предмети.

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно решени **268** предмети, **168** се со пресуда, од кои обжалени се **80** предмети, од обжалените **70** се потврдени или **87,5%**. Секој од судиите постапувал и по вонпроцесни и оставински предмети. Просечната норма на решавање изнесува **25,5** предмети.

Во Основниот суд Берово секој судија постапувал по повеќе видови работи во одделот каде е распореден и е доволно ангажиран во рамките на приливот на предмети.

За постигнување на уште подобри резултати во работењето, се препорачува:поголема соработка на судот со Апелациониот суд Штип, поголема ангажираност на секој судија, решавање на стари предмети во граѓанскиот оддел и редовно разгледување на проблемите на стручен колегиум, како и дополнување на испразнетите работни места.

## ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

**Основен суд Виница е суд со основна надлежност.** Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **890** предмети.

Извештајната година судот ја започнал со **1.520** нерешени предмети од претходната година. Новопримени во 2008 година се **2.193** предмети, вкупно во работа биле **3.713** предмети, од кои решени се **3.083** се решени, а останале нерешени **630** предмети и овој заостаток може да се реши за **2,33 месеци**, поради што овој суд е **апсолутно ефикасен суд.**

Во однос на **квалитетот на решавањето на предметите**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно решени **63** предмети, во **24** е вложена жалба од кои **13** предмети се потврдени или **54,2%.** Кај прекршочните предмети од **490** обжалени предмети, потврдени биле **139** или **28,4%.**

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно обжалени **96** предмети потврдени се **60** предмети, или **66,66%.**

Општа оценка е дека во извештајната година во кривичниот оддел квалитетот на решавањето на предметите не задоволува, а во граѓанскиот оддел квалитетот на решавање на предметите е добар.

Во однос на **ангажираноста на судиите по оддели**, состојбата е следна:

Во извештајната година судиите успеале целосно да го совладаат приливот на нови предмети, решени се и поголем број од заостатокот на предметите од претходните години, а и заостатокот е намален за **45** предмети.

Во претстојниот период, професионалната активност на раководството на судот треба да биде насочена кон подобрување на просторните услови на судот, со цел судиите да работат во одвоени канцеларии, а да се создадат услови за формирање на дактилобиро, како и да се подобрат условите за работа на стручно - административните работници во судот.

## ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО

**Основен суд Делчево е суд со основна надлежност.** Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **369** предмети. Во 2008 година во овој суд останале нерешени **1.052** предмети. Овој заостаток може да се реши за **2,37 месеци**, поради што овој суд е **апсолутно ефикасен суд.**

Во **кривичниот оддел** вкупно во работа биле **147** предмети, биле решени **119** предмети, а останале нерешени **28** предмети.

Во **граѓанскиот оддел** вкупно во работа биле **733** предмети. Нерешени на крајот на 2008 година останале **179** предмети.

Општа оценка е дека во извештајната година квалитетот на решавањето во целина, земено и поединечно по судии, е на задоволитено ниво.

Судиите заедно со претседателот на судот се ангажирани во решавањето на предметите и ја исполниле ориентационата норма.

Во овој суд во 2008 година нема нерешени стари кривични предмети, а во граѓанскиот оддел има вкупно **5** нерешени стари предмети.

## ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

**Основен суд Кочани е суд со проширена надлежност.** Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **5.778** предмети. Во 2008 година во овој суд останале нерешени **11.360** предмети и овој заостаток може да се реши за период од **6,8 месеци**, поради што овој суд е **релативно ефикасен суд.**

Извештајната година судот ја започнал со **17.138** нерешени предмети од претходната година. Новопримени во 2008 година биле **11.696** предмети, вкупно во работа биле **28.834** предмети, од кои **17.474** се решени.

Во однос на **квалитетот на решавањето на предметите**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** вкупно од вкупно обжалените предмети потврдени биле **96** или **71,2%,** а во прекршочната област потврдени биле **42,6%.**

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно обжалени **250** парнични предмети потврдени биле **71,2%.**

Општа оценка е дека во извештајната година е подобрен квалитетот во решавањето на предметите и во кривичниот и во граѓанскиот оддел тој е многу добар.

Во однос на **ангажираноста на судиите по оддели**, состојбата е следна:

Во 2008 година судот решил **140** истраги или просечно по **13,5** предмети во месецот, **371** кривичен предмет за полнолетни лица или просечно по **35,5** предмети месечно, **81** кривичен предмет за малолетни лица или во просек по **7,7** предмети месечно, **3.496** прекршочни предмети или во просек по **333** предмети.

Во граѓанскиот оддел во 2008 година судот решил **704** парнични предмети или во просек по **57** предмети. Во истиот период судот решил **316** оставински предмети, или во просек по **30** предмети и **60** вонпарнични предмети, како и **3.156** извршни предмети или во просек по 300 предмети.

Состојбата со стари предмети во овој суд е следна:

Во кривичната област останале нерешени **4** стари предмети од кои еден од 2005 година и **3** од 2006 година.

Во граѓанскиот оддел останале нерешени **13** парнични предмети, **11** стопански предмети, **6** вонпарнични предмети и **12** оставински предмети.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

**Основниот суд Радовиш е суд со основна надлежност.** Извештајната година судот ја започнал со **10.697** нерешени предмети од претходната година. Новопримени во 2008 година биле **9.697** предмети, вкупно во работа биле **20.394** предмети, од кои решени биле **16.824** предмети, а нерешени останале **3.570** предмети и овој заостаток може да се реши за период до **3 месеци**, поради што овој суд е **апсолутно ефикасен суд.**

Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **7.127** предмети.

Во однос на **квалитетот на решавањето на предметите**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно решените предмети квалитетот на одлуките по кривичните предмети изнесува **60,22 %** потврдени.

**Квалитетот** на одлуките во **прекршочните предмети** изнесува **54,78%** потврдени.

Во **граѓанскиот оддел** квалитетот на одлуките за парнични предмети изнесува **67,05%** потврдени.

Општа оценка е дека во извештајната година квалитетот на одлуките во граѓанскиот и кривичниот оддел е добар, а квалитетот во прекршочниот оддел е незадоволителен.

Во однос на **ангажманот на судиите по оддели**, состојбата е следна:

Во текот на 2008 година судиите во граѓанскиот оддел постапувале по парнични, вонпарнични и извршни предмети и со оглед на вкупниот број на решени предмети, ангажманот на судиите се оценува како добар.

Во кривичниот оддел судиите постапувале по кривични предмети за полнолетни лица, прекршоци, по истражни дејствија и извршување на кривични санкции и со оглед на вкупниот број на решени предмети, ангажманот на судиите се оценува како добар.

За поуспешно и поефикасно работење на судот, потребно е дополнително ангажирање за решавање на старите нерешени предмети, како и подобрување на квалитетот на одлуките во кривичниот оддел, а особено во прекршочните предмети.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

**Основниот суд Свети Николе е суд со основна надлежност.** Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **1.534** предмети. Во 2008 година останале нерешени **2.817** предмети од претходните години, новопримени во 2008 година биле **4.391** предмет или вкупно во работа биле **7.208** предмети. Од нив решени биле **5.925** предмети, а останале нерешени **1.283** предмети. Овој заостаток може да се реши за период до **3 месеци**, поради што овој суд спаѓа во категоријата на **апсолутно ефикасни судови.**

Во однос на **квалитетот на решавањето на предметите**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно решените предмети во 2008 година **150** предмети обжалени биле **84** предмети или **56%.** Од овој број **46** односно **54,5%** биле потврдени, поради што се квалитетот се оценува како незадоволителен.

Во **прекршочните предмети** од вкупно решените **1.668** предмети обжалени биле **218** или **13,9%,** од обжалените **145** или **66,5%** биле потрдени, односно квалитетот на решавањето се оценува како добар.

Во **граѓанскиот оддел** процентот на потврдените одлуки се движи околу **76,1%** до **76,5%** и се оценува како многу добар.

Во иднина во овој суд потребно е да се подобри квалитетот во пресудувањето, да се намали бројот на нерешените предмети, да се пополнат систематизираните работни места како би се создале услови за наредната година овој суд да стане апсолутно ефикасен суд.

Во овој суд во иднина, потребно е да се обрне поголемо внимание кон решавањето на нерешените предмети и да се намали бројот на старите нерешени предмети, како би се очекувало во иднина подобрување на квалитативното и квантитативното постапување по предмети во однос на извештајната 2008 година.

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

**Основниот суд Струмица е суд со проширена надлежност.** Извештајната година судот ја започнал со **14.497** предмети од претходната година, новопримени во 2008 година биле **20.994** предмети или вкупно во работа биле **35.491** предмет. Од нив решени биле **25.402** предмети, а останале нерешени **10.089** предмети и овој засток може да се реши за период од **3 до 6 месеци**, поради што судот спаѓа во групата на **ефикасни судови**.

Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **4.708** предмети.

Во однос на **квалитетот на решавањето на предметите**, состојбата е следна:

Квалитетот на одлуките во **парничните предмети** се движи од **48,8%** до **66,7%** потврдени и се оценува како незадоволителен за сите судии, со исклучок на двајца чиј просек е околу 66 потврдени одлуки, кој се смета за добар.

Квалитетот на одлуките во **стопанските предмети** се движи од **75,0%** преку **80,0% до 96,2%** потврдени и се оценува како многу добар и одличен.

Квалитетот на одлуките во **кривичните предмети** се движи од **47,4%** до **77,1%** потврдени и се оценува како добар и многу добар.

Квалитетот на одлуките во **прекршочните предмети** се движи од **27,0%** до **58,1%** потврдени и се оценува како слаб, односно просекот е **37,3%** потврдени предмети.

Во однос на **ангажираноста на судиите по оддели**, состојбата е следна:

Според просекот на решени предмети од сите области по кои постапувале судиите, се оценува дека ангажираноста на судиите во овој суд е добра и се движи од 14 до 18,1 предмет за еден месец.

Во иднина овој суд треба да го зголеми ангажманот во решавањето на старите нерешени предмети, како и да се подобри квалитетот на одлуките во сите оддели, а посебно кај прекршочните предмети.

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

**Основниот суд Штип е суд со проширена надлежност.** Извештајната година судот ја започнал со **12.544** нерешени предмети од претходната година, новопримени во 2008 година биле **18.046** предмети или вкупно во работа биле **30.590** предмети. Од нив решени се **21.949** предмети, а останале нерешени **8.641** предмет. Овој заостаток може да се реши за период од **3 до 6 месеци**, поради што овој суд спаѓа во групата на **ефикасни судови.**

Во извештајната година овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот за **3.903** предмети.

Во однос на **квалитетот на решавањето на предметите**, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно обжалени **326** парнични предмети, потврдени биле **66,8%** и квалитетот се оценува како добар.

Во **стопанските предмети** обжалени биле **72** предмети од кои потврдени биле **54%**, поради што квалитетот се оценува како незадоволителен.

Во **работните спорови** вкупно по жалба биле **214** предмети од кои потврдени биле **85%**, поради што квалитетот се оценува како одличен.

Во Основниот суд Штип во сите оддели била извршена специјализација на судиите по видови предмети и ваквата континуирана специјализација придонела во значителна мера за постигнување на подобри резултати во работењето на судот во однос на квантитетот и квалитетот во одлучувањето.

Во однос на ангажираноста на судиите според податоците во извештајот за решени предмети по видови, произлегува дека постои разлика во однос на исполнувањето на ориентационата норма од страна на судиите што во иднина треба да се надмине со личен ангажман на секој судија.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**